АДКОМ

Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

# 11ТА МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## КОМУНАЛНИТЕ УСЛУГИ ВО
# ПАМЕТНИТЕ ГРАДОВИ

18ТИ И 19ТИ ОКТОМВРИ 2023
СКОПЈЕ - ХОТЕЛ АЛЕКСАНДАР ПАЛАС



# АДКОМ

**Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија**

adkommk@gmail.com

АДКОМ – Здружение на даватели на комунални
услуги на Република Северна Македонија
бул. Јане Сандански 112-2/2, 1000 Скопје

02/2461-971

**2004**

Основање на АДКОМ

15 членки

**2017**

Основање на Тренинг Центарот

**2023**

90 членки

# ЦЕЛИ НА АДКОМ

- ✓ Зајакнување на активностите на Јавните комунални претпријатија во Република Северна Македонија;
- ✓ Подобрување на квалитетот на комуналните услуги;
- ✓ Залагање за успешно спроведување на реформите во областа на локалната самоуправа поврзани со комуналните дејности;
- ✓ Промоција и застапување на заедничките интереси на своите членки;
- ✓ Идентификување на проблемите на Јавните комунални претпријатија и решавање на истите;
- ✓ Институционално и организациско зајакнување на општинските комунални претпријатија, и
- ✓ Заштита на животната средина.

# ВОВЕД

Јавните комунални претпријатија во нашата држава се носители на комуналните услуги. Квалитетот на услугите кои тие го извршуваат во голема мера има влијание врз квалитетот на секојдневното живеење на граѓаните. Со цел унапредување на квалитетот на комуналните услуги, нивната модернизацијата преставува императив во работењето на Јавните комунални претпријатија (ЈКП) и Општините.



Потребата од регулација на водните услуги и услугите за управување со отпад, воспоставување на квалитетен третман на отпадните води и изнаоѓање на методи за одржливост на пречистителните станици, водење чекор со најновите технологии во управување со водните услуги, постојана транспарентност и комуникација со своите корисници се само мал дел од прашањата кои постојано се исправени пред јавните комунални претпријатија.

Размената на искуства помеѓу колегите од комуналниот сектор и неопходноста од постојани инвестиции во знаењето и усовршувањето на човечките капацитети, ја наметнува потребата од организирање на стручни дебати и конференции кои отвораат дискусии за достапните технички решенија и споделување на лекции научени од минатото преку искуствата на регионалните и меѓународните експерти од комуналниот сектор.

Конференцијата „Комуналните услуги во паметните градови“ има за цел експертите од оваа област да ги отворат темите што претставуваат предизвик на сите современи јавни комунални претпријатија чија цел е да бидат дел од новото време, успешно да се имплементираат во идните „паметни градови“ и да се изградат во „партнер на граѓаните.”

# РЕДАКЦИСКИ ОДБОР

**Ректор проф-др. Билјана Ангелова**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

**проф-др. Соња Лепиткова**
Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

**д-р Станислава Додева**
Национален програм координатор, Швајцарска амбасада во Република Северна Македонија

**д-р Наташа Бакреска**
Менаџер за животна средина, Цементарница УСЈЕ, Скопје

**м-р Андријана Нелкова-Чучук**
член на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија

**м-р Ана Каранфилова-Мазневска**
Раководител на сектор отпад, Министерство за животна средина и просторно планирање

**г-а Линдита Шакири**
Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје

**д-р Георги Христов**
Советник, Германско друштво за меѓународна соработка (ГИЗ)

**г-н Јане Вртески**
Менаџмент консултант

# КООРДИНАТОР НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА

**г-а Фани Карамиха Петрушева**
АДКОМ

# МОДЕРАТОРИ



### д-р Георги Христов, Советник, Германско друштво за меѓународна соработка (ГИЗ)

Д-р Георги Христов има над 25 години професионално искуство и работи како советник/проектен менаџер за ГИЗ Отворен регионален фонд за модернизација на општинските услуги. Дипломирал на Електротехничкиот факултет во Скопје, магистрирал финансиски менаџмент на Универзитетот Шефилд (Велика Британија) и докторирал менаџмент на квалитет преку метрика во системи за водоснабдување на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје. Во текот на последните 20 години, г-дин Христов работел на билатерални и регионални проекти во Југоисточна Европа финансирани од различни донатори и МФИ и тоа во областите на децентрализацијата и комуналните услуги. Тој е автор/коавтор на неколку публикации за децентрализација, локална самоуправа и обезбедување на комунални услуги со фокус на услугите за водоснабдување и отпадните води.




### г-н Јане Вртески, Консултант

Г-н Јане Вртески има повеќе од 30 години професионално искуство и повеќе од 20 години консултантско искуство во земјата и странство. Бил ангажиран на високи позиции и во јавниот и во приватниот сектор како и во проекти на донаторската заедница. Г-н Вртески има стекнато извонредно знаење и искуство во локалната самоуправа и развој, како и менаџментот со секторот за водни услуги, за време на неговата работа како градоначалник, генерален директор, тим лидер, проект менаџер, менаџмент консултант, истражувач, оценувач и обучувач. Поддржувајќи го АДКОМ, вклучен е во реформите на водните услуги во Северна Македонија, вклучително дигиталната трансформација и развојот на смарт услуги.



### м-р Андријана Нелкова-Чучук, член на РКЕВУ на РСМ

М-р Андријана Нелкова-Чучук беше избрана за член на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија во август 2019 година. Таа има 19 годишно искуство во регулација во областа на електричната енергија, природен гас, парно греење и нафта и нафтени деривати. Во периодот 2016 - 2019 година била и координаторка на Групата за регулирање на водни услуги при Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија. Андријана Нелкова Чучук е дипломиран економист во областа Финансискиот и сметководствен менаџмент и магистер по економија од областа на сметководство и ревизија.  М-р Нелкова-Чучук е член на повеќе професионални организации.

# МОДЕРАТОРИ



**д-р Станислава Додева, Национален програмски офицер, Швајцарска Амбасада во Република Северна Македонија**

Д-р Станислава Додева е Национален програмски службеник во Швајцарската амбасада во Северна Македонија со повеќе од 30 години искуство во програми за управување со водите и зачувување на животната средина. Преку своето искуство и преку обезбедената швајцарска техничка и финансиска помош, Д-р Станислава Додева ја поддржува земјата во напредокот кон одржливо управување со водите и природните ресурси, а во насока на исполнување на барањата за животната средина согласно правото на ЕУ.



**м-р Ана Каранфилова-Мазневска, Раководител на сектор отпад, Министерство за животна средина и просторно планирање**

м-р Ана Каранфилова-Мазневска е раководител на Секторот за управување со отпад во Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) на Северна Македонија, каде работи на управување со отпад на национално ниво. М-р Мазневска Каранфилова работи на изработка на планови за управување со отпад, мониторинг и собирање податоци, како и на изработка и координација на технички и економски студии за управување со специјални текови на отпад. Таа води тим на повеќе проекти финансирани од ЕУ и од ЕБОР поврзани со управувањето со отпад.

## ДЕН 1 — 18 ОКТОМВРИ 2023, СРЕДА

| ВРЕМЕ | СЕСИЈА / ОДГОВОРЕН | УЧЕСНИЦИ |
|---|---|---|
| 08:00 – 09:30 | **Регистрација на учесниците** | |
| 09:30 – 10:00 | **Официјално отварање на конференцијата** | • **Г-а Каја Шукова,** Министер за животна средина и просторно планирање<br>• **Г-н Пеце Милевски,** Претседател на Здружение на даватели на комунални услуги во РСМ (АДКОМ)<br>• **Г-н Орце Ѓорѓиевски,** Претседател на Заедница на единиците на локалната самоуправа на РСМ (ЗЕЛС) |
| 10:00 – 11:00 | **Свечено отварање на техничката изложба, кафе пауза** | |
| **ПАНЕЛ СЕСИЈА 1** | **ПАМЕТНИ УСЛУГИ ЗА ПАМЕТНИ ГРАДОВИ**<br>Прашања и дискусија, модератор:<br>**д-р Георги Христов,** Советник, Германско друштво за меѓународна соработка (ГИЗ) | |
| 11:00 – 12:30 | • **Mr. Diogo Faria de Oliviera,** Претседател на националната стратегија за вода и канализација 2020, Португалија<br>• **Г-н Александар Санев,** Раководител, Сектор за продажба на напредни деловни решенија, Македонски Телеком<br>• **Г-а Јана Белчева Андреевска,** Офицер за дигитализација и паметни градови, Мрежа на асоцијации на локални власти во Југоисточна Европа (НАЛАС)<br>• **Г-а Станка Ефремова Трајкоска,** Генерален Директор, ЈКП Комуна Крушево<br>• **М-р Иван Иванов,** Претседател на Бугарска асоцијација за води (БАВ) | |
| 12:30 – 13:00 | **Презентација на водечки и главен спонзор** | |
| 13:00 – 13:30 | **Кафе пауза/посета на штандови** | |

## ДЕН 1 — 18 ОКТОМВРИ 2023, СРЕДА

| ВРЕМЕ | СЕСИЈА / ОДГОВОРЕН | УЧЕСНИЦИ |
|---|---|---|
| **ПАНЕЛ СЕСИЈА 2** | **ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ДИГИТАЛНИ ИСКУСТВА И ПРАКТИКИ ЗА ВОДНИТЕ УСЛУГИ**<br>Прашања и дискусија, модератор: **Г-н Јане Вртески,** консултант | |
| 13:30 – 14:30 | • **Д-р Соња Лепиткова,** Редовен Професор на Факултетот за Природни и технички науки Универзитет „Гоце Делчев", Штип<br>• **Г-н Драган Соколовиќ** - Смартаква солушн ЛТД, Хрватска<br>• **Д-р Ѓорги Димов,** Вонреден професор и Декан на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев", Штип<br>• **Г-н Стојан Јовановиќ,** Раководител за автоматизација на процесите во Siemens, Белград<br>• **Доц. Д-р. Златко Илијовски,** дипл. инж. геол. Директор на оддел хидрогеологија, Градежен институт Македонија | |
| 14:30 – 14:45 | **Видео презентација на приватни компании** | |
| **ПАНЕЛ СЕСИЈА 3** | **ИСКУСТВА И УЛОГА НА РЕГУЛАТОРОТ ВО ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА**<br>Прашања и дискусија, модератор: **М-р Андријана Нелкова-Чучук,** член на РКЕВУ на РСМ | |
| 14:45 – 15:45 | • **Mr. Andrea Guerrini,** Комесар, ARERA – Италија, Претседател на WAREG, Асоцијација на Европски регулатори на вода<br>• **М-р Марко Бислимоски,** Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги (РКЕВУ) на РСМ<br>• **Mr. Ndriçim Shani,** Претседавач, Регулаторната управа за енергетика на Албанија (WRA)<br>• **Ms. Hajrije Morina,** Директор на Регулаторна управа за водоснабдување, Косово | |
| 15:45 – 16:00 | **Заклучоци и затворање на првиот конференциски ден** | |
| 16:00 – 16:30 | **Ручек** | |
| 19:30 | **Свечена вечера – Куманово СПА** | |

## ДЕН 2 — 19 ОКТОМВРИ 2023, ЧЕТВРТОК

| ВРЕМЕ | СЕСИЈА / ОДГОВОРЕН | УЧЕСНИЦИ |
|---|---|---|
| 09:00 – 10:00 | **Посета на штандовите** | |
| **ПАНЕЛ СЕСИЈА 4** | **КАКО ДО ЕФИКАСНИ И ОДРЖЛИВИ СИСТЕМИ ЗА ВОДНИ УСЛУГИ**<br>Прашања и дискусија: **д-р Станислава Додева,**<br>Национален програмски офицер, Швајцарска Амбасада во Република Северна Македонија | |
| 10:00 – 11:00 | • **Г-а Даниела Наумоска,** Советник за заштитни зони, Министерство за животна средина и просторно планирање<br>• **Mr. Davide Bixio,** Програм менаџер за животна средина, климатски промени и цивилна заштита, Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија.<br>• **Mr. Reto Buehler,** Консултант, EBP<br>• **Г-н Павле Донев,** Одговорен за спроведување на проектот „Регионална мрежа за развој на капацитети“ (RCDN), GIZ<br>• **Г-а Линдита Шакири,** Посебен советник на Министерот за координација на меѓународни проекти, Министерство за животна средина и просторно планирање | |
| 11:00 – 11:30 | **Видео презентација на приватни компании** | |
| 11:30 – 12:00 | **Кафе пауза** | |
| **ПАНЕЛ СЕСИЈА 5** | **УПРАВУВАЊЕ И РЕГУЛАЦИЈА НА ОТПАД**<br>Прашања и дискусија: **М-р Ана Каранфилова-Мазневска,**<br>Раководител на сектор отпад, Министерство за животна средина и просторно планирање | |
| 12:00 – 13:00 | • **Г-н Емил Ангелов,** Тим лидер на Проект „SALAR одржливо управување со отпад на локално ниво“<br>• **Ms. Krisztina Wégner,** Експерт за проширена одговорност Проект „Поддршка во спроведување на законодавството за управување со отпад и шемата за проширена одговорност на производителот“<br>• **Д-р Афродита Зенделска,** Вонреден професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип<br>• **Д-р Николинка Донева,** Редовен професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип<br>• **Д-р Марија Хаџи Николова,** Редовен професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип<br>• **Г-а Маја Богдановска-Зенделска,** Програмски менаџер за животна средина и инфраструктура, Делегација на ЕУ во РСМ | |

## ДЕН 2 — 19 ОКТОМВРИ 2023, ЧЕТВРТОК

| ВРЕМЕ | СЕСИЈА / ОДГОВОРЕН | УЧЕСНИЦИ |
|---|---|---|
| 13:00 – 13:30 | **Видео презентација на приватни компании** | |
| 13:30 – 13:45 | **Заклучоци од конференцијата** | |
| 13:45 – 14:00 | **Затворање на конференцијата** | |
| 14:00 – 15:00 | **Ручек** | |

## СЕСИЈА 1 - ПАМЕТНИ УСЛУГИ ЗА ПАМЕТНИ ГРАДОВИ

Модератор: **д-р Георги Христов,** Советник, Германско друштво за меѓународна соработка (ГИЗ)



**Mr. Diogo Faria de Oliviera, Претседател на националната стратегија за вода и канализација 2020, Португалија**

Mr. Diogo Faria de Oliveira е основач и извршен директор на Defining Future Options, Lda. со 27-годишно искуство во секторот води. Во португалското Министерство за животна средина, Диого е претседател на Националниот стратешки план за вода и канализација 2020 година. Тој е и член на Националниот совет за води и претседател на Меѓународниот специјализиран центар за извонредност за ЈПП во областа на водата и канализација, партнерство меѓу UNECE и GoP. Претходно, Диого работеше во државната компанија AdP - Águas de Portugal, SGPS, S.A. и беше извршен директор на AQUAPOR. Тој исто така бил претседател на десет комунални претпријатија на AQUAPOR.



**Г-н Александар Санев, Раководител, Сектор за продажба на напредни деловни решенија, Македонски Телеком**

Г-н Александар Санев има повеќе од 25 години искуство во областа на телекомуникациите и ИТ, од кои во последните 22 години работи во Македонски Телеком АД (Групација Дојче Телеком). Има долгогодишно искуство во управување со проекти, тимови и логистика на комплексни проекти за системска интеграција и јавно приватно партнерство. Како експерт за дигитални решенија и услуги на паметен град во Македонски Телеком АД, Г-н Санев ги води процесите за дизајнирање и испорака на паметно осветлување, паметно мерење, паметни градови и сложени ИКТ решенија.



**Г-а Јана Белчева Андреевска, Офицер за дигитализација и паметни градови, Мрежа на асоцијации на локални власти во Југоисточна Европа (НАЛАС)**

Г-а Јана Белчева Андреевска се приклучи на тимот на Секретаријатот на НАЛАС во мај 2022 година за да ги предводи активностите за дигиталната транзиција и „концептот за паметен град". Дипломирала електротехника и телекомуникации и има над 20 години искуство во областа на ИКТ, опсервирање на Земјата и геоинформациската технологија, како и искуство во локалната самоуправа. Во последните 10 години работела на бројни меѓународни проекти со Светска банка, УСАИД, Агенции на ООН и сл. Таа е автор на неколку публикации и студии од областа на употребата на големи податоци за транспорт и следење на перформансите на коридорот, локализирање на цели за одржлив развој за општина Центар, Индекс на општински развој за македонските општини итн.

## СЕСИЈА 1 - ПАМЕТНИ УСЛУГИ ЗА ПАМЕТНИ ГРАДОВИ

Модератор: **д-р Георги Христов,** Советник, Германско друштво за меѓународна соработка (ГИЗ)



### Г-а Станка Ефремова Трајкоска, Генерален Директор, ЈКП Комуна Крушево

Г-а Станка Ефремова Трајкоска е директор на Јавното комунално претпријатие „Комуна" Крушево, каде што работи почнала да работи во 2014 година како раководител на Секторот за општи правни работи и човечки ресурси. Визијата на г-а Ефремова Трајкоска е воведување услуги за дигитализација, особено користење на дигитални технологии за подобрување на услугите за водоснабдување и подобрување на севкупните перформанси на претпријатието, а особено на ефикасноста на системот за водоснабдување. Го воспоставила електронски систем за плаќање на сметките за вода преку интернет, го започнала процесот на користење на нови извори на вода, модернизирање на системот за водоснабдување и справување на неприходуваната вода како еден од најакутните проблеми на претпријатието.




### М-р Иван Иванов, Претседател на Бугарска асоцијација за води (БАВ)

М-р Иван Иванов е вработен во секторот води од 1999 година, работејќи 11 години во АД „Софиска вода" како главен секретар и прокурист. Од 2012 година е Претседател на „Бугарска асоцијација за води - БАВ" и беше претседавач со Одборот на Европската фондација за бенчмаркинг соработка (EBC Foundation) во 2018 година. Тој е и извршен директор на здружението „Индустриски кластер подземна инфраструктура" (ICPI), како и член на работните групи за питка и отпадна вода, за правни и економски прашања на Европската федерација на национални асоцијации за водни услуги (EurEau). Бил и претставник на Здружението на индустриски капитал во Бугарија (АИКБ) во Мониторинг комитетот на Оперативната програма „Животна средина 2014 - 2020 година". Г-н Иванов дипломирал во Француското средно училиште во Софија и на Хемиско-технолошко-металуршкиот универзитет (ХТМУ). Магистрирал бизнис администрација на Франкофонскиот институт за администрација и менаџмент (IFAG) и на Американскиот универзитет во Бугарија (AUBG). Специјализирал и на Високиот национален институт за хемиска технологија (ENSIGC) во Тулуз, Франција.

## СЕСИЈА 2 - ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ДИГИТАЛНИ ИСКУСТВА И ПРАКТИКИ ЗА ВОДНИТЕ УСЛУГИ

Модератор: **г-н Јане Вртески,** Консултант



**Проф. Др. Соња Лепиткова, Редовен Професор на Факултетот за Природни и технички науки Универзитет „Гоце Делчев“, Штип**

Проф. Др. Соња Лепиткова е Редовен Професор на Факултетот за Природни и технички науки на Универзитетот Гоце Делчев во Штип, по предметите од областа на геохемија на води, почви и геохемија на средина. Автор и коавтор на повеќе од 100 научни трудови од областа на геологијата и животната средина. Координатор на голем број Стратешки и Плански документи, и учесник на голем број на конференции од Меѓународен и домашен карактер. Учесник во повеќе европски проекти и богата меѓународна соработка со повеќе ЕУ универзитети и институти.



**Г-н Драган Соколовиќ - Смартаква солушн ЛТД – Хрватска**

Г-н Драган Соколовиќ, директор на Smart Aqua d.o.o, Хрватска, компанија за дигитална трансформација на даватели на водни услуги, која со иновативно платформско решение овозможува ефикасна дигитализација во водоводни и комунални претпријатија кои немаат потребно искуство и персонал за дигитализација според современи стандарди. Посебен акцент е ставен на дигитализацијата и управувањето со средствата, процесите и промените според принципот „Брзо, лесно и едноставно“. Успешно соработува со технички тимови, наоѓајќи оптимални решенија за потребите на корисниците и ги координира научните и стручните соработници во имплементацијата на технолошките иновации.



**Проф. Др. Ѓорги Димов, Вонреден професор и Декан на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип**

Проф. Др. Ѓорги Димов е професор по технички науки од областа на хидрогеологијата и инженерската геологија. Учесник во повеќе домашни и меѓународни проекти. Автор на голем број на публикации. Моментално е декан на Факултетот за природни и технички науки на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

## СЕСИЈА 2 - ДИГИТАЛИЗАЦИЈА И ДИГИТАЛНИ ИСКУСТВА И ПРАКТИКИ ЗА ВОДНИТЕ УСЛУГИ

Модератор: **г-н Јане Вртески,** Консултант



### Г-н Стојан Јовановиќ, Раководител за автоматизација на процесите во Siemens Белград

Г-н Стојан Јовановиќ е Раководител за автоматизација на процесите во Siemens Белград, одговорен за продажба и испорака, односно Siemens проектни решенија, вклучувајќи системи за контрола, системи за континуирано следење на емисиите, решенија за анализатори и инструменти за мерење. Г-н Јовановиќ ги покрива сите аспекти од комерцијалните, инженерските и техничките аспекти на проектите во Србија, Бугарија и околните земји, успешно зголемувајќи ги и продажбата на производите и бројот на проектите. Искусен во продажба, развој на проекти од рана фаза до проектен менаџмент и проектен инженеринг, набавка на процесна опрема поврзана со индустријата за нафта и гас и челик, со примена на западните стандарди како и стандардите на регионот на ЗНД. Работа со компании во Европа, Блискиот Исток и Азија.



### Доц. Д-р. Златко Илијовски - дипл. инж. геол. Директор на оддел хидрогеологија, Градежен институт Македонија Скопје

Д-р Златко Илијовски, Доктор по технички науки Геологија/Хидрогеологија, вработен во Градежен Институт Македонија (ГИМ) Скопје и насловен Доцент на Факултетот за природни и технички науки при универзитетот Гоце Делчев Штип, област Геологија насока Хидрогеологија. Како автор и коавтор има објавено преку 50 научни и стручни трудови на меѓународни и национални собири. Учествувал во изработка на преку 200 стручни елаборати, проекти, студии, стратегии, ЛЕАП-и од областа на Хидрогеологијата, Геотехниката и Животната средина.

## СЕСИЈА 3 - ИСКУСТВА И УЛОГА НА РЕГУЛАТОРОТ ВО ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Модератор: **М-р Андријана Нелкова-Чучук,** член на РКЕВУ на РСМ



### Mr. Andrea Guerrini, Комесар, ARERA – Италија, Претседател на WAREG, Асоцијација на Европски регулатори на вода

Mr. Andrea Guerrini е комесар на ARERA, Италијанската регулаторна агенција за енергија, мрежи и животна средина, претседател на WAREG, Асоцијација на европски регулатори за вода и член на Бирото на Мрежата на економски регулатори - NER на ОЕЦД и поранешен претседател на ASA S.p.A. претпријатие за водовод во провинцијата Ливорно. На позицијата во ARERA доаѓа како професор во мирување при Катедрата за бизнис администрација на Универзитетот во Верона, каде што водел истражувачки проекти финансирани од Европската унија и тој бил еден од основачите на WaMaTeRC, Центар за управување со води и технолошки истражувања.



### М-р Марко Бислимоски, Претседател на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги - РКЕВУ на РСМ

М-р. Марко Бислимоски е претседател на Регулаторната комисија за енергетика и водостопанство на Република Северна Македонија (РКЕ). Бислимоски го служи и вториот мандат како претседател на Регулаторниот одбор на Енергетската заедница (ЕЦРБ). Бислимоски ја предводел клучната реформа во енергетскиот сектор во 2022 година со која се воспоставил новиот модел – тарифната реформа за електрична енергија. Магистрирал на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Република Северна Македонија. Исто така, тој е член на Советот за економска енергија на чело со премиерот Димитар Ковачевски, кој беше формиран за време на енергетската криза и во кој учествуваат клучните носители на политички одлуки: директори на енергетски компании, министри, советници, професори.

## СЕСИЈА 3 - ИСКУСТВА И УЛОГА НА РЕГУЛАТОРОТ ВО ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Модератор: **М-р Андријана Нелкова-Чучук,** член на РКЕВУ на РСМ



### Mr. Ndriçim Shani, Претседавач, Регулаторната управа за енергетика на Албанија - WRA

Mr. Ndriçim Shani беше назначен за претседател на Националната регулаторна комисија на Регулаторната комисија за води во Албанија во мај 2016 година и моментално е во својот втор мандат на оваа позиција. Има 41 годишно искуство во областа на водоснабдување, одведување на отпадни води и животна средина, како универзитетски предавач и виш инженер за дизајн. Mr. Shani има длабоко искуство во приватниот и јавниот сектор во креирањето јавни политики на ниво на национална политика, како и во планирањето и управувањето со големи проекти за водоснабдување, канализација и животна средина финансирани од странски донатори и албанската влада. Зборува три странски јазици и има завршено неколку долгогодишни квалификации во странство. Автор е на повеќе различни текстови и прирачници од областа на водата.



### Ms. Hajrije Morina, Директор на Регулаторна управа за водоснабдување во Косово

Ms. Hajrije Morina е директор на Регулаторното тело за водни услуги на Косово од јули 2021 година. Има претходно работно искуство како програмски службеник за Швајцарската канцеларија за соработка како одговорна за јавниот сектор (вода и енергија). Работела и на реализација на неколку проекти за развој на водостопанството. Ms. Morina дипломирала во областа на водно инженерство при Универзитетот во Приштина – Градежен и Архитектонски факултет.

## СЕСИЈА 4 - КАКО ДО ЕФИКАСНИ И ОДРЖЛИВИ СИСТЕМИ ЗА ВОДНИ УСЛУГИ

Модератор: **д-р Станислава Додева,** Национален програмски офицер, Швајцарска Амбасада во Република Северна Македонија



### Г-а Даниела Наумоска, Советник за заштитни зони, Министерство за животна средина и просторно планирање

Г-а Даниела Наумоска е советник за заштитни зони во одделението за водни права при секторот за води во Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија. Г-а Наумоска работела на регистарот на заштитни зони на водни тела наменети за консумирање од страна на човекот, заштитни зони за водни тела за рекреација, заштитни зони околу водата за капење, безбедносни зони околу водни тела кои се чувствителни на нитрати, водни тела кои се чувствителни на испуштањето на урбаните отпадни води. Г-а Наумоска учествувала и во подготовка на закони и прописи и одлуки за заштитните зони.



### Mr. Davide Bixio, Програм менаџер за животна средина, климатски промени и цивилна заштита - Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија.

Mr. Davide Bixio е одговорен за секторот води во Делегацијата на ЕУ во Република Северна Македонија. Mr. Bixio е инженер за животна средина со специјализација за управување со водни ресурси и втора магистратура по бизнис администрација, тој има 27 години професионално искуство во секторот, особено на ниво на водостопанството и реформите како и финансирање на проекти, планирање, проектирање, изградба и оптимизација на работењето. Mr. Bixio работи на програми за поддршка на земјите кандидати од 2001 година и е дел од Европската комисија од 2008 година. Главната цел на Г-н Bixio е да ги поддржи напорите на Република Северна Македонија да се приближи до членството во ЕУ во таа област на правото на ЕУ.



### Г-н Reto Buehler, Консултант, EBP

Mr. Reto Buehler е раководител на водоснабдување и канализација во Швајцарската консултантска компанија EBP. Тој има речиси 30-годишно искуство во планирање и спроведување на проекти за вода, особено во Северна Македонија, каде што од 2004 година работи на проектите финансирани од Швајцарија за водоснабдување, третман на отпадни води и корпоративен развој во Берово, Кочани и Делчево.

## СЕСИЈА 4 - КАКО ДО ЕФИКАСНИ И ОДРЖЛИВИ СИСТЕМИ ЗА ВОДНИ УСЛУГИ

Модератор: **д-р Станислава Додева,** Национален програмски офицер, Швајцарска Амбасада во Република Северна Македонија



### Г-н Павле Донев, Одговорен за спроведување на проектот „Регионална мрежа за развој на капацитети“ (RCDN), GIZ

Г-н Павле Донев е раководител на компонента во Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (Германското друштво за меѓународна соработка – ГИЗ) и има 18-годишно искуство во помагање на општините, јавните претпријатија и нивните здруженија при модернизирањето на нивните услуги. Г-н Донев е експерт за регионален економски раст и развој на капацитети преку регионална соработка. Тој го користи своето искуство за да ги поддржи здруженијата во нивниот развој на капацитети и при застапувањето на интересите на општините и јавните претпријатија пред надлежните институции, заедницата на донатори и меѓународните финансиски институции, а во насока на подобрувањето на водните услуги во шесте земји од Западен Балкан.



### Г-а Линдита Шакири, Посебен советник на Министерот за координација на меѓународни проекти, Министерство за животна средина и просторно планирање

Г-а Линдита Шакири е технолошко-металуршки инженер со 26 години искуство во секторот за вода и отпадни води и секторот животна средина во Северна Македонија. Во моментов работи во Кабинетот на министерот за животна средина и просторно планирање како специјален советник за координација на проекти. Во нејзиното работно искуство во ЈП Водовод и канализација, г-а Шакири работела како технички директор и раководител на Единицата за имплементација на проекти за изградба и изградба на пречистителна станица за отпадни води во Град Скопје. Нејзиното долгогодишно искуство во секторот за вода и отпадни води, г-а Шакири го користи како обучувач за градење капацитети во секторот за вода и отпадни води во Јавните комунални претпријатија. Автор е на многу документи за политики и стратегии за подобрување на јавниот сектор во Северна Македонија.

## СЕСИЈА 5 - УПРАВУВАЊЕ И РЕГУЛАЦИЈА НА ОТПАД

Модератор: **М-р Ана Мазневска,** Раководител на сектор отпад, Министерство за животна средина и просторно планирање



### Г-н Емил Ангелов, Тим лидер на Проект „SALAR одржливо управување со отпад на локално ниво“

Г-н Емил Ангелов е тим лидер на проектот Одржливи услуги за управување со комунален отпад во Северна Македонија со Шведската меѓународна агенција за развој (SIDA), со придонес во областа на политичките трендови, националните политики, стратегии и институционална рамка релевантни за локалното добро управување, одржливиот развој и пристапувањето кон ЕУ. Г-н Ангелов е експерт во управување со програми/проекти на техничка помош и проекти за градење на институционални капацитети насочени кон одржлив развој, управување, децентрализација, инфраструктурата и прашањата за локалниот развој.



### Ms. Krisztina Wégner, Експерт за проширена одговорност Проект „Поддршка во спроведување на законодавството за управување со отпад и шемата за проширена одговорност на производителот“

Ms. Krisztina Wégner е експерт за проширена одговорност во правната компонента на проектот „Поддршка во спроведувањето на законодавството за управување со отпад и шемата за проширена одговорност на производителот (EPR)“ со над 10 години искуство во управувањето со отпад. Специјализирајќи на стратешка анализа и регулирање на отпадот, Ms. Wégner го користи своето искуствотo во создавањето одржливо спроведување на законодавството за посебните текови на отпад. Ms. Wégner е, исто така, раководител на Одделот за животна средина, енергија и управување со квалитет во MAV - National Railways Hungary PCL., Будимпешта (Унгарија).



### Проф. Др. Афродита Зенделска, Вонреден професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип

Проф. Др. Афродита Зенделска е вонреден професор на Универзитетот Гоце Делчев, Факултет за природни и технички науки, со повеќе од 17 години искуство во образованието, науката, лабораторија и работа на проекти во областите на преработка на минерали и заштита на животната средина, како што се рециклирање, отпад и третман на отпадни води. Проф. Зенделска го користи своето искуство и добро опремена лабораторија за да се обиде да ги реши еколошките проблеми. Таа ги помина последните неколку години фокусирајќи ја својата работа на прашањата за загадувањето на воздухот.

## СЕСИЈА 5 - УПРАВУВАЊЕ И РЕГУЛАЦИЈА НА ОТПАД

Модератор: **М-р Ана Мазневска,** Раководител на сектор отпад, Министерство за животна средина и просторно планирање



**Проф. Др. Николинка Донева, Редовен професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип**

Проф. Др. Николинка Донева е редовен професор на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип на Факултетот за природни и технички науки со повеќе од 22-годишно искуство во образованието, науката и работа на проекти во областите на рударството и заштитата на животната средина, како што се рекултивација, санација и управување со отпадот. Користејќи го своето искуство во областа Проф. Донева се обидува да најде решенија за еколошките прашања.



**Проф. Др. Марија Хаџи Николова, Редовен професор на Факултет за природни и технички науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип**

Проф. Др. Марија Хаџи-Николова е редовен професор на Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Факултет за природни и технички науки, со повеќе од 15 години искуство во образованието, науката, лабораториската и проектна работа во областите на заштитата на животната средина и здравјето и безбедноста при работа, како мониторинг и моделирање на бучавата, управување со отпад и проценка на ризик. Како менаџер за квалитет во AMBICON Lab, таа е ангажирана за обезбедување и контрола на квалитетот на лабораториските испитувања.



**Г-а Маја Богдановска-Зенделска, Менаџер, Европската агенција за реконструкција**

Г-а Маја Богдановска-Зенделска е архитект, која речиси 20 години работи на имплементација на помошта од ЕУ обезбедена за приближување на земјата до членството во ЕУ. Во последните 14 години, таа е вклучена во управувањето со портфолиото на активности за животна средина и клима, фокусирајќи се на областите на заштита на природата, управување со отпад и бучава, како и следење и известување за усогласеноста на земјата со економските критериуми за членство во ЕУ поврзани со Поглавјето 27.

## ВРЕМЕ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ

Конференцијата ќе се организира во времетраење од два дена и ќе се одржи во Скопје – Хотел „Александар Палас“ во период од 18ти до 19ти октомври 2023 година.

## РАБОТНИ ЈАЗИЦИ

Работни јазици на конференцијата се македонски и англиски. Обезбеден е симултан превод на македонски, англиски и албански јазик.

## КОТИЗАЦИЈА

Котизацијата е задолжителна за сите учесници на конференцијата. За членките на АДКОМ котизацијата изнесува 3.000,00 ден. + 18% ДДВ, а за останатите учесници изнесува 6.000,00 ден. +18% ДДВ. Во цената на котизацијата вклучено е: присуство на конференцијата, конференциски сет, оброк и освежување за време на конференциските денови и свечена вечера.

## СВЕЧЕНА ВЕЧЕРА

За сите учесници на конференцијата ќе се организира свечена вечера на 18.10.2023 во Куманово - Куманово Спа со организиран превоз во 18:45 часот од Хотел Александар Палас.

## СМЕСТУВАЊЕ И ПРЕВОЗ

Трошоците за сместување и превоз се на сопствен трошок на учесниците. Обезбедено е сметување по повластени цени за учесниците на конференцијата во Хотел Карпош. Пријавувањето го вршат самите учесници на телефон 02/3088 388 или на е пошта: hotelkarpos@hotelkarpos.com.mk.

## ПРИЈАВУВАЊЕ

Пријавувањето за конференцијата се врши со пополнување на Пријава и испраќање до организаторот на:
adkommk@gmail.com
бул. Јане Сандански 112-2/2, 1000 Скопје

**Контакт лице:**
г-а Фани Карамиха Петрушева:
+389 71 222899; 02/2461-971

# УЧЕСНИЦИ НА ТЕХНИЧКА ИЗЛОЖБА

GREEN MACHINES
AQUASAVE
BIOTEK SOLUTIONS
SINPEKS
PIPELIFE
CMC GROUP
ALEGRINA - MOLOK
NOVA OPREMA
MESER VARDAR TEHNOGAS
RESOR
KONTI HIDROPLAST
ALBO
MINT INS
CARGOMAX - IVECO
KLARWIN
SIMTEK SOLUTION
MIV-VARAZDIN
VALMAN
WATO
HUOT
INDAS AUTOMATION
QUBIQO
DIEHL METERING
GEORG FISHER
CSA
VAG ARMATUREN




ОРГАНИЗИРАЊЕТО НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА Е ФИНАНСИСКИ ПОДДРЖАНО ОД:

german cooperation

giz

develoPPP

RCDN

PIPELIFE always part of your life

TITAN CEMENTARNICA USJE

eptisa

витаминка

ЈП "ЧИСТОТА И ЗЕЛЕНИЛО" КУМАНОВО

ЈП ВОДОВОД КУМАНОВО
NP VODOVOD KUMANOVË

KUMANOVO SPA HOTEL & RESTAURANT